# *ГОДИШНА ПРОГРАМА НА НВО ЕКО ПАРТНЕРС ЗА 2022 год.*

## ВОВЕД

Невладината организација **Еко Партнерс** е невладина, непартиска и непрофитабилна организација со своја визија и мисија, формирана со слободно здружување на граѓани, заради остварување на заштита и усогласување на своите интереси и уверувања како и остварување на дејности и активности за подобрување и унапредување на екологијата, туризмот, органското производство и истражувачка дејност.

Од основањето НВО Еко Партнерс е активен чинител кој придонесува за развој на туризмот и развивање на еколошка свест во општеството.

Својата мисија Еко Партнерс ја адаптира според своето ниво на раст и развој и следствено го проширува својот делокруг на делување. Нашата мисија е подигање на нивото на еколошката свест и подобрување на статусот на туризмот преку зајакнување на екотуризмот и руралниот туризам во Македонија преку домашна, регионална и меѓународна соработка.

НВО Еко Партнерс се залага за остварување на својата визија и мисија за остварување на своите стратешки цели и предвидените програмски приоритети.

## СОДРЖИНА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

### I. Стратешки цели на НВО Еко Партнерс

#### Стратешка цел 1

Искористување на сите можности и потенцијали на организацијата како и развивање на форми за лобирање и застапување за развој на туризмот, екологијата и органското производство и истражувачка дејност.

#### Стратешка цел 2

Операционализација на локалните и националните планови за јакнење на промоцијата и поддршката на туристичките дестинации

**Стратешка цел 3**

Развој и унапредување на добротворството и волонтерството преку анимирање и привлекување на бизнис секторот заради финансиска диверзификација на организацијата.

**Стратешка цел 4**

Подобрување на имиџот и развивање на позитивна слика за Невладиниот сектор во Македонија преку интензивирање на соработката со локалната и централната власт.

**Стратешка цел 5**

Меѓусекторска и меѓугранична соработка како и подршка на евроинтеграциските процеси.

Врз основа на овие стратешки цели НВО Еко Партнерс ги има утврдено следните краткорочни цели како оперативни цели во годишната програма на организацијата за 2018 година.

**II Програмски цели на НВО Еко Партнерс за 2022 година**

1. Институционално зајакнување на НВО Еко Партнерс преку дополнителни обуки и професионализација на својот персонал и членство како и јасна и секторска дефинираност на областите на делување.

2. Интензивирање на соработката со ЕЛС и централната власт како и информирање и пошироко вклучување на јавноста во креирањето и донесувањето на одлуки и подобрување на имиџот на НВО секторот.

3. Подобрување и унапредување на екологијата, туризмот, органското производство и истражувачка дејност.

4. Поттикнување и унапредување на еколошката свест пред се кај младите и подигнување на значењето и потребата од развојот на туризмот во руралните средини.

5. Намалување на невработеноста и иселувањето во руралните средини преку развој на еко туризмот и руралниот туризам.

6. Финансиска одрживост на НВО Еко Партнерс преку диверзификација на изворите на финансирање.

**Фокус**

Оваа година НВО Еко Партнерс ќе се фокусира на следниве активности:

- Учество на меѓународни конференции и конференции во регионот: ваквите настани ќе се искористат за промоција и воспоставување на потенцијални партнерства со организации во регионот

-Манифестација „Ден на органско производство и форум за Еко туризам преку регионални практики,,

- Организирање на трибини и дебати со едукативен карактер

- Развивање и одржување на врски како и поттикнување и здружување со сродни друштва и сојузи во земјата надвор од нејзе

- Анимација и промоција на соработката и иновативноста во руралниот развој

- Проекти за одржливост на рурални заедници

- Подршка на иницијативи за вклучување на руралната жена во општествените збиднувања

- Поддршка на иницијативи за пристап на локалното население до локалната власт

- Подршка на иницијативи за вклучување на младите од руралните средини во образованието, спортот и рекреацијата

- Поддршка на иницијативите на заедниците за оддржлив развој и јакнење на институциите на локално и регионално ниво

- Анализа и искористување на податоци

- Спроведување на истражувачки активности, прашалници, анализа на добиените резултати и приказ на состојбите

- Изработка на развојни планови

Активностите се опишани подолу при што за секоја програмска цел се дадени активности кои водат кон нејзино остварување.

**1. Институционално зајакнување на НВО Еко Партнерс преку дополнителни обуки и професионализација на својот персонал и членство како и јасна и секторска дефинираност на областите на делување.**

1.1 Обуки за членството и волонтерите преку овозможување на дополнителни услови за професионализација и стручно оспособување.

1.2 Ревизија на постојните документи за внатрешно и надворешно управување и раководење и донесување на нови.

1.3 Надворешна ревизија

1.4 Печатење на годишни извештаи и квартални билтени

1.5 Квартални состаноци на управниот одбор

1.6 Годишно собрание

**2. Интензивирање на соработката со ЕЛС и централната власт како и информирање и пошироко вклучување на јавноста во креирањето и донесувањето на одлуки и подобрување на имиџот на НВО секторот.**

2.1 Организирање на 3 јавни дебати

2.2 Месечни информативни и консултативни средби со претставници од ЕЛС и централната власт

**3. Подобрување и унапредување на екологијата, туризмот, органското производство и истражувачка дејност.**

Активностите во оваа програмска цел се:

- Промотивни кампањи за туризмот

- Развивање и водење на апликативни проекти и водење научни студии и истражувања за развој на сите гранки на туризмот

- Едукација на населението за потребата и значењето на туризмот како важна стопанска гранка во Р. Македонија

- Подготовка на предлог проекти и еколошки програми

- Изработка на предлог проекти за екологија, заштита на природата и животната средина и заштита на околината

- Органска храна и нејзино производство и сертификација

- Екологија

- Менаџмент на отпадоци, нивно селектирање

- Заштита на природни еколошки системи, промоција и уредување

- Пронаоѓање на нови извори и користење на алтернативна енергија

**4. Поттикнување и унапредување на еколошката свест пред се кај младите и подигнување на значењето и потребата од развојот на туризмот во руралните средини.**

Оваа програмска цел ќе ги опфати следниве активности:

- Промовирање на еко туризмот

- Промотивни конференции за туризмот и подигнување на екотуризмот во РМ за алтернативен туризам, рурален туризам, еколошка храна, стари занаети

- Потикнување на рурален развој и екотуризам во руралните средини

- Собирање и селектирање на отпад во рурални средини

**5. Намалување на невработеноста и иселувањето во руралните средини преку развој на еко туризмот и руралниот туризам.**

- Зелена економија и зелени работни места

- Кампањи за подигање на јавна свест

- Промоција на современи методи на производство и пакување на земјоделски продукти

- Брендирање и маркетинг на производи

- Планирање на производство

**6. Финансиска одржливост на НВО Еко Партнерс преку диверзификација на изворите на финансирање.**

6.1 Обезбедување финансиски извори за организацијатабнод членарина, услуги и организирање на настани

6.2 Активности за привлекување и доближување на бизнис секторот како можен извор на средства

6.3 Потпишување на меморандуми/договори за соработка

6.4 Активности за стекнување и развивање на искуства за кросекторска и прекугранична соработка

6.5 Посети на НВОи за размена на искуства и можна соработка со организации во Македонија и странство.

6.6 Интезивирање на соработка со сродни организации и иницирање на заеднички регионални настани и средби заради споделување на добри практики и позитивни искуства, но и заедничка реализација на проекти. Особено ќе биде воспоставена поблиска соработка со организациите со слична цел и размена на контакти и искуства од учества на меѓународни конференции и студиски посети.

НВО Еко Партнерс

04.01.2022